

***Бил тоа мрачен пролетен ден на 25 март 1948 година, кога се започнало. Тоа бил ден исполнет со многу чувства, солзи и неизмерна тага за мајките и децата на западна Егејска Македонија. Тоа бил денот кога децата-бегалци заминале и за најголемиот дел од нив тоа ќе биде за последен пат кога ги виделе своите сакани семејства и своите домови.***

Идејата за евакуирање на децата била предложена од една група млади мажи и жени, полни со разбирање и сомилост, на Младинската конференција оддржана во 1947 година во Белград, Југославија. Ескалирачкиот конфликт во грчката Граѓанска војна претставувал закана за цивилното население, што било причина за загриженост на “прогресивната младина”.

Иако тие не можеле да сторат ништо за цивилните возрасни лица, кои требало да ги поддржат воените напори, имало начин да им се помогне на децата. Тие предложиле привремена евакуација со чија помош децата требало да бидат изнесени надвор од земјата за да продолжат со своето образование на сигурно место, со намера да бидат вратени штом ќе заврши конфликтот. Иако тоа била добра идеја, Грчката комунистичка партија (ККЕ) не видела непосредна потреба од еден таков план и како резултат на тоа не му дала голема поддршка.

Партизанскиот генерал Маркос Вафиадис видел добри својства во предлогот бидејќи верувал дека конфликтот ќе ескалира и ќе се концентрира во западниот дел на Егејска (окупирана од Грција) Македонија. Во тоа време, тој бил одговорен за одбраната на делови од западна Македонија каде спаѓале регионот на Лерин и делови од Костурско и Воденско. Во 1947 година партизаните биле на врвот од својата сила и, со исклучок на големите градови, ги контролирале сите територии во западна Егејска Македонија.

Кога грчката влада почнала да користи тешка артилерија и воздушно бомбардирање, идејата брзо ја добила поддршката на ККЕ и Програмата “Спасете ги децата” била родена. Пред Програмата да се ефектуира, таа добила одобрување од Македонскиот ослободителен фронт, од Женскиот антифашистички фронт и од Црвениот крст.

Државите - домаќини, волни да се грижат за децата, биле контактирани за да се добие нивно одобрение и започнале информативни кампањи за да се информираат луѓето за Програмата. Обласните и селските организации, исто така, биле замолени да учествуваат, и на крај им било доделена одговорноста да го организираат и имплементираат вистинското евакуирање.


Leros
runnismos travel guru runnismos travel guru runnismos travel guru runnismos travel guru



[illegible]



**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**